МАКЕДОНИЈА

# Скопјанец повреден од заталкан куршум додека возел велосипед

**На Комплекс клиники „Мајка Тереза“ вчера со повреда од заталкано зрно од огнено оружје бил донесен триесет и пет годишен жител на Скопје, кој додека управувал велосипед на подрачјето на Чаир, почувствувал болка во грбот.**



Прегледи:
2647

Објавил:
18 јуни 2024, 17:13

Сподели
Сподели

На Комплекс клиники „Мајка Тереза“ вчера со повреда од заталкано зрно од огнено оружје бил донесен триесет и пет годишен жител на Скопје, кој додека управувал велосипед на подрачјето на Чаир, почувствувал болка во грбот, по што бил пренесен во медицинската установа.

Случајот, како што информираат од МВР, бил пријавен вчера во 19.45 часот во СВР Скопје, од Комплекс клиники „Мајка Тереза“.

Од МВР, информираат дека се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Бидете информирани следете не на Facebook

Нашиот сајт користи колачиња (cookies). Со продолжување на користење на сајтот или со кликнување на “Се согласувам, се согласувате да зачувуваме колачиња со цел да го подобривме вашето искуство на сајтот и тоа: неопходни колачиња, претпочитани, статистички, маркетиншки, колачиња за перфорамански и функционалност и колачиња од социјални медиуми. Некои од овие колачиња се поставни од надворешни провајдери (трети страни). Повеќе инфо
Поставки за колачиња
Се согласувам

СВЕТ

# Американската влада одобри нова продажба на оружје на Тајван во вредност од 360 милиони долари

**Американската влада одобри нова продажба на оружје на Тајван во вредност од 360 милиони долари.**



Прегледи:
112

Објавил:
Administrator
19 јуни 2024, 10:50

Сподели
Сподели

Продажбата вклучува стотици вооружени дронови, ракетна опрема и сродни материјали за поддршка, се вели во соопштението на Стејт департментот.

Одлуката на САД да му продаде повеќе оружје на Тајван не е неочекувана, но е донесена во време на зголемени тензии меѓу Вашингтон и Пекинг, јавија американските медиуми.

Продажбата вклучува 291 систем ALTIUS-600M, беспилотни летала со боеви глави како и 720 беспилотни летала Switchblade.

Продажбата „им служи на американските национални, економски и безбедносни интереси со поддршка на тековните напори на примателот да ги модернизира своите вооружени сили и да одржи кредибилен одбранбен капацитет“, се вели во соопштението на Стејт департментот.

Тоа „ќе помогне да се подобри безбедноста на примателот и да помогне во одржувањето на политичката стабилност, воената рамнотежа и економскиот напредок во регионот“./МИА

ПРЕТПЛАТЕТЕ СЕ НА НАШИОТ NEWSLETTER
Е-маил
Претплати се

МАКЕДОНИЈА

# Грчки медиуми: Мицкоски заклетвата ќе ја даде со уставното име

**Изјавите на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ и мандатар за состав на новата влада Христијан Мицкоски поврзани со името, се во фокусот на онлајн изданијата на грчките медиуми, пренесува МИА.**



Прегледи:
267

Објавил:
Administrator
19 јуни 2024, 10:47

Сподели
Сподели

Во текстот под наслов „Северна Македонија – Христијан Мицкоски: На заклетвата на владата ќе го користам уставното име на земјата“, грчката новинска агенција пишува за вчерашното интервју на мандатарот во кое „рече дека на инаугурацијата на неговата влада, за време на викендот ќе го користи уставното име на државата“.

-Истото име ќе го користи и во контактите во странство со странските лидери, како што кажа но, во внатрешноста на земјата, како во јавните настапи, така и во изјавите ќе го користи името „Македонија“, бидејќи, како што самиот рече, името на неговата земја и татковина е „Македонија“, пишува грчката државна агенција.

ПРЕТПЛАТЕТЕ СЕ НА НАШИОТ NEWSLETTER
Е-маил
Претплати се

СВЕТ

# Путин во Северна Кореја: Русија се бори против американската хегемонија

**Русија се бори против децениска „хегемонистичка и империјалистичка политика“ на САД и нивните сојузници, рече претседателот Владимир Путин на почетокот на разговорите со севернокорејскиот лидер Ким Џонг-ун во Пјонгјанг.**



Прегледи:
863

Објавил:
Administrator
19 јуни 2024, 10:26

Сподели
Сподели

-Мислам на нашата борба против хегемонистичката, империјалистичка политика што ни ја наметнаа САД и нивните сателити во однос на Русија со децении, рече Путин.

Тој му се заблагодари на севернокорејскиот лидер за поддршката на Северна Кореја за Русија, вклучително и за прашањето за Украина.

-Високо ја цениме вашата доследна и цврста поддршка за руската политика, вклучително и украинската насока, рече Путин, додавајќи дека интеракцијата меѓу двете земји се заснова на принципот на еднаквост и взаемно почитување на нивните интереси.

Според него, Русија и Северна Кореја се поврзани многу децении со вистинско пријателство и добрососедство.

Путин беше пречекан со голема церемонија на централниот плоштад во Пјонгјанг. /МИА

ПРЕТПЛАТЕТЕ СЕ НА НАШИОТ NEWSLETTER
Е-маил
Претплати се



Преземање на авторски текстови и видеа без претходна писмена дозвола од Канал 5 ТВ е кривично дело. Преземање на авторски текстови и видеа со ставање хиперлинк до содржината на сајтот на Канал 5 ТВ без претходна писмена дозвола од Канал 5 ТВ исто така е кривично дело. Непочитување на авторските и сродни права е казниво со закон.